РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr. 102-406/61
28.06.2023 год.-viti/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Градежен институт
МАКЕДОНИЈА АД
Бр. 1202-48/58
26-06-2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 119 став 1 точка 2, од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/2019 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 87/21) се врши измена на Договорот за вршење на надзор на работите за Изградба на Брана Конско, Гевгелија заверен под број 1202-7/4 кај вршителот на услугата и под број 05-231/11 кај нарачателот од 20.09.2016 година

АНЕКС БР.4
НА
ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА УСЛУГИ

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, соадреса: АминтаТрети 2 - Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Љупчо Николовски (во понатамошниот текст Нарачател) од една страна.
и
2. Градежен институт МАКЕДОНИЈА ад Скопје, ул. Дрезденска бр. 52 Скопје, Република Северна Македонија ЕМБС 4067533, ЕДБ 4030975274722, застапувано од Генерален директор Влатко Иванов (во понатамошниот текст Вршител на услугата) од друга страна.

Член 1

Со овој Анекс бр. 4 кон Договорот за набавка на услуги за вршење на надзор на работите за изградба на Брана Конско, со придружните објекти, заверен под број 1202-7/4 кај вршителот на услугата и под број 05-231/11 кај нарачателот од 20.09.2016 година и Измените на основниот договор (бр.1 заверен кај нарачателот под број 102-656/80 од 26.10.2021 година и заверен кај вршителот на услугата под број 1202-67/96 од 25.10.2021 година; бр.2 заверен кај нарачателот под број 102-7552/1 од 21.07.2022 година и заверен кај вршителот на услугата под број 1202-8/58 од 19.07.2022 година и бр.3 заверен кај нарачателот под број 102-151/109 од 22.11.2022 година и заверен кај вршителот на услугата под број 1202-8/100 од 22.11.2022 година), се регулираат измени кои се однесуваат на член 6 од Договорот за вршење на надзор на работите за изградба на Брана Конско, со придружните објекти.

Член 2

Во член 6 од Договорот за вршење на надзор се врши измена на времетраењето на договорот односно рокот за завршување на работите. Согласно наведеното измената во член 6 гласи:
„Временскиот период за ангажирање на Надзорниот орган за надзор на изведување на работите е директно условен од изведбата на работите, односно истиот е со времетраење

до 30.12.2023 година. Во овој рок е вклучен рокот за изведба на работите и гарантниот период. За овој временски период вршителот на услугата треба да го усогласи динамичкиот план за извршување на услугите на надзор. Овој договор престанува да важи кога во целост ќе бидат исполнети правата и обврските кои што со овој договор ги имаат превземено договорните страни, согласно наведеното во тендерската документација и проектната програма за вршење на надзор на работите за изградба на брана Конско и придружните објекти.

Член 3

Согласно член 102 став 7 од ЗЈН, во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката – Вршителот на услугата соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Член 4

Останатите одредби од Основниот Договорот за набавка на услуги за вршење на надзор на работите за изградба на Брана Конско, со придружните објекти, заверен под број 1202-7/4 кај вршителот на услугата и под број 05-231/11 кај нарачателот од 20.09.2016 година и Измените на основниот договор (бр.1 заверен кај нарачателот под број 102-656/80 од 26.10.2021 година и заверен кај вршителот на услугата под број 1202-67/96 од 25.10.2021 година; бр.2 заверен кај нарачателот под број 102-7552/1 од 21.07.2022 година и заверен кај вршителот на услугата под број 1202-8/58 од 19.07.2022 година и бр.3 заверен кај нарачателот под број 102-151/109 од 22.11.2022 година и заверен кај вршителот на услугата под број 1202-8/100 од 22.11.2022 година) остануваат непроменети.

Член 5

Овој Анекс бр.4 на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 6

Овој Анекс бр.4 на Договор е склучен во 6 (шест) еднообразни примероци од кои по 3 (три) за двете договорни страни.

| НАРАЧАТЕЛ, | ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА, |
| --- | --- |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Градежен Институт Македонија АД Скопје |
| Министер | Генерален директор |
| Љупчо Николовски | Влатко Иванов |

Изработил: Биљана Горгиевска – Бурагев
Мајда Ристовска
Контролирал: Лиле Симоновска
Бојан Дурнев
Согласен: Isni Jakupi

Прилог на Анекс договорот:
- Документација во врска со измените (член 119 став 7 од ЗЈН), заедно со динамички план за градење Брана Конско.
- Барање од изведувачот за продолжување на рокот за завршување на работите за изградба на Брана Конско со придружни објекти бр.102-406/46 од 14.06.2023
- Мислење за доставено барање од изведувачот за продолжување на рокот за завршување на работите за изградба на Брана Конско со придружни објекти.
- Известување од Градежен институт Македонија бр.102-406/51 од 22.06.2023